**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 14.12.2018 година**

**Скопје, декември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 14.12.2018 година**

Седницата започна во 9:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Асаф Адеми, министер за култура, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Дополнет предлог Буџет на Република Македонија за 2019 година

2. Предлог-ревидирана фискална стратегија на Република Македонија за 2019-2021 година

3. Прашања и предлози

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Дополнетиот предлог-буџет на Република Македонија за 2019 година и го утврди со следните заклучоци:

1. Се отвора нова програма „Совет за граѓански надзор“ во раздел Собрание на Република Македонија, во износ од 9.000.000 денари.

2. Се врши пренамена на средства во износ од 19.875.000 денари во раздел Оперативно-техничка агенција.

3. Се обезбедуваат дополнителни средства за опрема во раздел Управа за водење на матични книги во износ од 5.000.000 денари.

4. Се врши пренамена на средства во износ од 5.600.000 денари во раздел Министерство за транспорт и врски за активности поврзани со транспортниот систем.

5. Се врши пренамена на средства во износ од 40.000.000 денари во делот за УКИМ и за 2.900.000 денари се отвора нова потпрограма во раздел Министерство за образование и наука врзана со секторска буџетска поддршка-инструмент на ЕУ.

6. Се врши пренамена на средства од раздел Биро за регионален развој во раздел Министерство за локална самоуправа за рамномерен регионален развој, согласно процент на распределба од претходни години.

7. Соодветни измени да се направат во Министерството за финансии - функции на државата.

8. Пречистениот текст на Дополнетиот предлог-Буџет на Република Македонија за 2019 година, согласно член 180-а став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Маја Аргировска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог-ревидираната фискална стратегија на Република Македонија за 2019-2021 година, ја донесе Ревидираната фискална стратегија имајќи ја предвид расправата по Дополнетиот предлог-Буџет на Република Македонија за 2019 година и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија, за информирање.

**Точка 3**

**1.** Владата заклучи:

- Се задолжуваат Министерствата и органите во нивен состав и другите органи на државната управа, се укажува на сите јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, институциите од правосудството, регулаторните тела и независните тела и Собранието на Република Македонија, во текот на декември 2018 година и јануари и февруари 2019 година, да спроведат најмалку по една акција за борба против аерозагадувањето и заштита на животната средина и тоа да го направат во координација со Министерството за животна средина и просторно планирање, локалните самоуправи и граѓанските организации, а за акцијата што ќе ја спроведат соодветно да ја информираат јавноста.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 10:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**